РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ
РИСТО ЈУРУКОВ
Бр. 03-41/1
17.03 20 22 год.
КОЧАНИ

17.03
Друштво за производство, трговија и услуги
ДАДИ ОИЛ ДООЕЛ
Бр. 0507-64
17.03 20 22 год.
с.Јакимово, Виница

# ДОГОВОР
## Набавка на нафта (ЕЛ-1) за период од една година

1. ООМУ Ристо Јуруков-Кочани , ул. Љупчо Сантов бб, застапувано од Директорот Марија Лазарова, во понатамошниот текст Договорен орган од една страна и
2. ДАДИ ОИЛ ДООЕЛ с.Јакимова Виница, со ЕДБ 4005013503660 застапувано од управителот Даме Ристов (во понатамошниот текст „Носител на набавката“) од друга страна.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е купопродажба на **Набавка на нафта (ЕЛ-1) за период од една година** во вредност од 450.000,00 денари со вклучен ДДВ за потребите на ООМУ Ристо Јуруков-Кочани, согласно понудата на продавачот доставена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка Набавка од мала вредност бр.02972/2022 .

## II. ПРИЕМ И ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ

**Член 2**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача сукцесивно согласно доставен налог од страна на договорниот орган, со сопствено или друго возило – специјализирана автоцистерна со електронски уред за мерење на источената количина на маслото за горење на адресата на договорниот орган. При испораката на стоката на испратница изготвена од економскиот оператор ќе се потпишат испорачувачот на стоката и примачот на стоката.

**Член 3**

Корекцијата на цените на предметот на договорот за јавна набавка ќе бидат во согласност со цените определени од страна на Регулаторната Комисија за енергетика на РМ со Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати без ДДВ кои важат на денот на испораката.

Стоките предмет на набавка ќе се фактурираат врз основа на малопродажната цена утврдена со ***Одлука на регулаторната комисија за енергетика без ДДВ на денот на испораката намалена за процентот постигнат на е-аукцијата*** намалени за процентот на намалување (рабат).

**Член 4**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од **5 дена** од денот на доставување на писмен налог за испорака на стоката од страна на договорниот орган по електронска пошта на електронската адреса напишана во понудата на економскиот оператор.

**Член 5**

Начин на плаќање е **60** (шеесет) дена по доставена фактура по завршената испорака на стоката и по потпишување на испратница изготвена од економскиот оператор на која ќе се потпишат испорачувачот на стоката и примачот на стоката.

Трошоците за изготвување на фактурата и доставување до просториите на договорниот орган паѓаат на товар на економскиот оператор.

Корекцијата на цените на предметот на договорот за јавна набавка ќе бидат во согласност со цените определени од страна на Регулаторната Комисија за енергетика на РМ со Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати без ДДВ кои важат на денот на испораката.

Предметот на набавка ќе се фактурираат врз основа на малопродажната цена утврдена со Одлука на регулаторната комисија за енергетика без ДДВ на денот на испораката намалена за процентот постигнат на е-аукцијата (рабат).

**Член 6**

Предметот на овој договор треба да поседува квалитет во согласност со Правилникот за квалитет на течни горива на Р. Македонија “Службен весник на РМ 88/2007” .

За квалитетот на стоката што е предмет на овој договор, Продавачот е должен да обезбеди Уверение за квалитет на стоката кое го доставува при испораката на стоката.

Приговор на квалитетот на стоката се доставува до Продавачот веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од испораката на предметот на набавка.

Продавачот е должен во рок од 3 дена да преземе мерки за решавање на приговорите.

**Член 7**

Рекламациите кои не се направени во предвидените рокови со овој договор, Продавачот не е должен да ги разгледува и да постапува по нив.

## III. ЦЕНИ, УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

Вредноста на овој договор изнесува до **381.356,00 денари без ДДВ**, односно до **450.000,00 денари со вклучен ДДВ**.

Предметот од член 1 на овој договор ќе се испорачува по цена утврдена согласно со Одлуката за определување на највисоки цени на нафтените деривати на Регулаторната комисија за енергетика која важи на денот на испораката на стоката предмет на овој договор намалена за процентот на намалување (рабат) постигнат во постапката по оглас 02972/2022

Како ден на испорака се смета денот впишан во документот за испорака на стоката.

**Член 9**

**Рабат за кој ќе се намалува цената на стоката во моментото на испорака од цената утврдена согласно со Одлуката за определување на највисоки цени на нафтените деривати на Регулаторната комисија за енергетика е 4 % за литар.**

**Член 10**

Купувачот е должен плаќањето да го изврши во рок од 60 (шеесет) дена од денот на испораката.

## IV. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

**Член 11**

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за преземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на Договорот.

**Член 12**

Како случаи и околсности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат: војна, воени дјествија, мобилизација, штрајк, пожар, сообраќајни и други катастрофи, акти на органите на власта, акти или такви нарушувања на пазарот кој во значителна мера ќе го оневозможи континуираното снабдување со нафтени деривати и во други случаи што непосредно влијаат врз извршувањето на обврските.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Овој договор важи за период од една година од денот на неговото склучување.

**Член 14**

Овој договор може да биде менуван во согласност со волјата на двете договорни страни и сите измени и дополнувања можат да се вршат само по писмен пат.

**Член 15**

Во случај на спор, договорените страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, согласни се да решава надлежниот суд во Кочани.

**Член 16**

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| Економски оператор:<br>ДАДИ ОИЛ ДООЕЛ<br>Директор (менаџер)<br>Даме Ристов | Договорен орган:<br>ООМУ Ристо Јуруков-Кочани Директор<br>Марија Лазарова |